# ЗОШТО Е ВАЖНО НА ДЕЦАТА ДА ИМ СЕ ЧИТА УШТЕ ОД РАНА ВОЗРАСТ?

Децата на кои мајките им читаат од рана возраст имаат поголем фонд на зборови во речникот и поразвиени когнитивни вештини.

Хелен Раикес од Универзитетот во Небраска - Линколн и нејзините соработници прашале 2581 мајка од сиромашни семејства запишани во програмата *Рана предност* во Америка колку често им читаат на децата на возраст од 14, 24 и 36 месеци. Децата на кои им се читало секој ден или неколку пати неделно, имале побогат речник.

Се разбира, поверојатно е родителите да им читаат на децата ако самите тие имат побогат речник, но истражувачите исто така утврдиле дека децата на возраст од 24 месеци на кои им се чита повеќе имаат поголем фонд на зборови на возраст од 36 месеци, без разлика колку им се чита на 36 месечна возраст. Освен тоа, само кај семејставата кои зборуваат англиски, оние деца, на кои им се чита секојдневно на возраст од 14, 24 и 36 месеци, имаат поразвиени когнитивни вештини кога се тестираат на возраст од 36 месеци.

„Оваа студија покажува дека врската помеѓу читањето на децата и детскиот јазик и когнитивниот развој се јавува многу рано и имплицира дека читањето книги и другите јазично ориентирани интервенции за децата од ранливите категории треба да почнат многу порано одошто вообичаено се препорачува", смета главниот истражувач Хелен Раикес.

Исто така било утврдено дека почесто им се чита на првородените деца, на девојчињата и на децата чии мајки се повисоко образовани.

Изворниот текст може да се најде на: http://digest.bps.org.uk/2006/07/reading-to-babies-gives-them-head.html